# Кратка информација за органско пчеларство согласно Законот за органско земјоделско производство на РМ и толкувањето на стандардите од страна на ПРО-ЦЕРТ

## 1. Што значи органското пчеларство:

- Се одвива во незагадени области;
- Користи природни материјали, методи и храна;
- Избегнува користење конвенционални ветеринарни лекови и пестициди.

## 2. Вовед:

Правилата за органското пчеларство се јасно дефинирани со ЗОЗП на РМ и Правилникот за правила и отстапувања во пчеларството

## 3. Воспоставување на пчеларник:

- ✔ Областа со радиус од 3км околу пчеларникот мора да биде покриена **претежно** со **природна вегетација** и/или **органско** или **обработливо земјиште** со екстензивен начин на обработка; ова е особено релевантно за култури кои пчелите ги посетуваат за хранење (овоштарници, репка, итн.); не смее да има поголеми извори на загадување во рамките на оваа област (индустрија, автопат, итн.);
- ✔ Областа мора да има доволно извори на **полен**, **нектар** и чиста **вода;**
- ✔ Овие барања се применуваат за сите пчеларници вклучувајќи ги и местата за селидба или т.н миграторни локации или локазии за летна паша.

## 4. Размножување:

- ✔ Резервата мора да биде изградена од сопствени или органски колонии, користејќи роеви или делови од колонија;
- ✔ Колониите набавени од обичните пчеларници мора да поминат **период** на преод од една година.

## 5. Кошница и други материјали, чистота:

- ✔ **Пчеларските кошници (сандаци)** мора да бидат направени од природни материјали како неофарбано дрво; или заштитено со природни премази
- ✔ **Алати, контејнери** и друг материјал кој се користи за управување со пчелното семејство, собирањето и постапувањето по собирањето, мора да бидат соодветни и да не содржат загадувачки супстанции;
- ✔ **Пчелиниот восок** мора да се користи во затворен круг, со што ќе се избегне ризикот од мешање со неоргански восок;
- ✔ Кошниците (сандаците) мора да се чуваат чисти, собирањето и постапувањето по собирањето мора да се спореведат под соодветни хигиенски услови.

6. **Хранење:**

✔ На пчелните семејства мора да им се остави **доволно мед** за хранење во текот на ладни или суви сезони, од сопствено потекло или од органско потекло;

✔ Вештачко хранење може да се користи само во случаите кога заради климатските услови истото е неопходно. Исклучиво, **органски шекер** може да се користи во овие ситуации.

7. **Ветеринарни третмани:**

| | **ЗОЗП на РМ** | |
|---|---|---|
| Превентива | Пчеларот мора да обезбеди заштита од болести и паразити, со тоа што ќе одбере отпорен вид, контрола на трутовите, промена на матиците, одржување на чисти кошници и материјали, итн. | |
| За дозволени материјали види: | Правилник за правила и постапувања во пчеларството | |
| Контрола на пчелиниот крлеж (Varroa) | Мравја киселина, млечна киселина, оцетна киселина и оксална киселина, тимол, еукалиптол, камфор:<br>ЗОЗП(Правилник за постапување во пчеларството) , член 2(6) | |
| Глодари | Родентициди се дозволени само во затворени стапици | |
| Во случај на третмани со алопатски лекови | Пчелното семејство мора да биде одвоено и да подлежи на нов период на преод. Во случај на синтетички акарициди, пчелиниот восок мора повторно да биде заменет.<br>. | |

8. **Период на преод:**

✔ Пчелните семејства треба да подлежат на **едногодишен** преоден период; Со одглед на климатските промени во овој пеоден период, доколку условите се неповолни за продукција на восок, преодниот период може да биде продолжен.

✔ Во текот на овој период, пчелиниот восок треба да биде заменет со восок од сертифицирани органски пчеларници или нови сотови треба да бидат изградени, користејќи восок од надградби , рамки градилници, или медни поклопци.

✔ Според ЗОЗП на РМ (Правилник за постапување во пчеларството) во период на преод или при воспоставување нов пчеларник, неоргански восок може да се користи кога : а ) восок од органско пчеларство не е достапен на пазарот, б) кога е докажано дека истиот не е загаден со супстанции недозволени во органското производство и в)под услов да потекнува од медните капачиња.

## 9. Управување со колонијата:

- ✔ Практиките како сечење на крилата на матиците, синтетички репеленти, убивање пчели како метод за собирање на медот не се дозволени;
- ✔ Рамката на леглото не смее да се користи за извлекување на мед
- ✔ Уништувањето на трутовите може да се врши само како мерка за спречување на наезда од Varroa destructor

## 10. Записи, следливост и ознаки:

- ✔ Пчеларот мора да има план за **органско управување;**
- ✔ Детална мапа за местоположбата на пчеларниците и нивната околина мора да бидат презентирани; релевантната вегетација, местоположбата на пчеларникот и можните извори на загадување мораат да бидат означени на мапата;
- ✔ Мора да се води **Дневник** за пчелните семејства, вклучувајќи информации за општото постапување, размножување, ветеринарните третмани, приноси и посебни набљудувања;
- ✔ По собирањето/бербата и пред транспортирањето или складирањето на медот или другите пчелини производи во нефинална опаковка , тие мора да бидат соодветно означени т.е да содржат информација за вид, дата на собирање, и локација на пчеларник. Доколку операторот пакува во финална амбалажа за продажба етикетите мора да содржат информации за видот и количината на производот, статус, и име на сертификаторот;
- ✔ **Следливоста** мора да се осигури

**Забелешка:** ако не е достапен органски шекер, сертификацискототело може да одобри хранење за определено време со обичен шеќер. Наместо сертифициран органски пчелин восок, може да се користи исто така восок кај кој после анализата се докажало дека не содржи остатоци од пестициди.

!

*Водете сметка дека ова е само поглавје за основните барања за органски стандарди, како вовед. Операторот, секако, треба да биде запознаен и да ги исполни сите барања за односниот стандард.*